Друштво за управување со отпад
ЕЛКОЛЕКТ ДОО увоз-извоз
Бр. 0307-175
23.11.2022 год.
СКОПЈЕ

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Бр. 08-6913/1
22.11.2022 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР

## ЗА СОРАБОТКА И ПОДДРШКА ВО УПРАВУВАЊЕТО СО ПОСЕБНИТЕ ТЕКОВИ НА ОТПАД НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

Склучен помеѓу следните договорни страни:

1. **Друштво за управување со отпадна електрична и електронска опрема ЕЛКОЛЕКТ ДОО Скопје**, ул.“Митрополит Теодосиј Гологанов” бр. 98-1/13 – Скопје, ЕМБС 6994377, ЕДБ 4057014527121, електронско сандаче: elkolekt@gmail.com, застапувано од управителот Фана Христовска од Скопје, од една страна како КОЛЕКТИВЕН ПОСТАПУВАЧ и

2. **Општина Гази Баба**, со седиште на ул.“Архимедова” бр.2, ЕМБС: 6032575, ЕДБ: МК 4030004565950, електронско сандаче: opstina@gazibaba.gov.mk застапувана од Градоначалникот Бобан Стефковски, од друга страна.

### ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Договорните страни се согласни секоја во рамките на своите права и обврски утврдени со законските одредби заеднички да ги организираат и да превземат активности за воспоставување и имплементација на интегрален систем на управување со посебните текови на отпад на територијата на Општина Гази Баба.

**Член 2**

Овој договор се склучува согласно одредбите од член 42 став (4) од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад („Службен весник на РСМ“ бр.215/2021) - (во понатамошен текст ЗПОП), член 19 од Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема („Службен весник на РСМ“ бр.176/21) - (во понатамошен текст ЗУОЕЕО), член 28 став (1) точка 8 од Законот за управување со отпадот („Службен весник на РСМ“ бр.216/21) - (во понатамошен текст ЗУО), и врз основа на Јавниот повик за воспоставување соработка за организирање на одделно собирање на отпад од електрична и електронска опрема бр.30-6584/1 од 08.11.2022 година.

**Член 3**

Општина Гази Баба обврските за проширена одговорност може да ги остварува со склучување на договор со повеќе колективни постапувачи, со цел воспоставување на организиран, интегрален и одржлив систем за управување со отпад од електрична и електронска опрема.

## ПРАВА И ОБВРСКИ НА КОЛЕКТИВНИОТ ПОСТАПУВАЧ

**Член 5**

Согласно член 11 од ЗПОП, колективниот постапувач има обврска да дава поддршка и остварува соработка со Општина Гази Баба за собирање, повторна употреба, преработка и рециклирање на посебниот тек на отпад во насока на остварување на националните цели, преземање на заеднички мерки и активности кои имаат за цел поттикнување на одделно собирање на отпадна електрична и електронска опрема, како и да воспостават собирни центри и друга инфраструктура за одделно собирање на отпадната опрема заради повторна употреба, преработка и рециклирање.

**Член 6**

Колективниот постапувач ќе постави опрема за примарна селекција на отпадна електрична и електронска опрема на локации одобрени од страна на Општина Гази Баба.

**Член 7**

Колективниот постапувач е должен преземањето и транспортот на собраната отпадна електрична и електронска опрема од инфраструктурата или собирните центри во Општина Гази Баба согласно член 29 став (1) од ЗПОП да го довери само на физички и правни лица кои имаат соодветни дозволи издадени од надлежни државни органи согласно прописите за управување со отпад.

**Член 8**

Колективниот постапувач е должен да и овозможи на Општина Гази Баба целосен увид во својата документација како и исполнувањето на обврските кои се однесуваат на управувањето со отпадната опрема во општината.

**Член 9**

Колективниот постапувач ќе ја информираат јавноста и крајните корисници за:

- забраната за оставање на отпадната опрема како несортиран комунален отпад и за обврската за одделно собирање на отпадната опрема;
- воспоставените системи на преземање и собирање на отпадната опрема кои им се на располагање;
- начинот на нивното придонесување за повторна употреба, рециклирање и друг начин на преработка;
- можните негативни влијанија и последици врз здравјето на луѓето и животната средина како резултат на присуството на опасни супстанции во опремата.

**Член 10**

Колективниот постапувач е должен договорот да го направи достапен до јавноста преку објавување на истиот на неговата веб страна.

## ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

**Член 11**

Општина Гази Баба ќе му овозможи на колективниот постапувач, преземање и транспорт на собраната отпадна опрема од инфраструктурата дадена на користење од страна на колективниот постапувач од собирните центри во општината.

**Член 12**

Општина Гази Баба договорот ќе го направи достапен за јавноста преку објавување на истиот на веб страната на општината.

**Член 13**

Општината насвојата веб страна ќе ја информираат јавноста и крајните корисници за:

- забраната за оставање на отпадната опрема како несортиран комунален отпад и за обврската за одделно собирање на отпадната опрема;
- воспоставените системи на преземање и собирање на отпадната опрема кои им се на располагање;
- начинот на нивното придонесување за повторна употреба, рециклирање и друг начин на преработка;
- можните негативни влијанија и последици врз здравјето на луѓето и животната средина како резултат на присуството на опасни супстанции во опремата.

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ И РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 13**

Овој Договор се склучува за период од најмалку една година.

Доколку овој Договор не биде раскинат до крајот на една календарска година, неговата важност се продолжува и за целата следна календарска година со Анекс на договор од член 17 од овој договор.

**Член 14**

Во случај кога една од договорните страни не è задоволна од соработката може на другата договорна страна да и достави писмено известување со објаснување за забелешките на работата при што ќе бара исправка на неправилностите во разумен временски рок.

**Член 15**

Доколку овој договор биде раскинат од било која причина, Општина Гази Баба ќе му овозможи на колективниот постапувач да ја подигне опремата од член 6 од овој договор и истата ја предаде со записник за примопредавање во присуство на одговорни лица од двете договорни страни.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член16**

Договорните страни се согласни информациите и податоците кои ги обезбедиле или до кои дошле при реализацијата на овој договор, месечните и годишни извештаи, податоците добиени со ревизијата и сите други информации и податоци при исполнувањето на меѓусебните права и обврски, во рамки на правата и обврските дефинирани со законите на кои се заснова овој договор да бидат меѓусебно достапни.

**Член 17**

Можните измени и дополнувања настанати по склучување на овој договор, договорните страни ќе ги договорат спогодбено и писмено ќе ги приклучат кон овој договор со Анекс на договор.

**Член 18**

За се што не è предвидено и регулирано со овој договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи.

Договорните страни се согласни сите спорови кои евентуално би произлегле од овој договор како и настанати разлики во толкувањето на истиот да ги решаваат спогодбено и во духот на добрите деловни односи и обичаи.

Доколку спогодба не биде постигната, спорот ќе биде решен пред стварно и месно надлежниот Основен граѓански суд Скопје.

**Член 19**

Овој Договор престанува да важи доколку било која од договорните страни писмено ја извести другата страна дека го раскинува договорот, со отказен рок од 30 дена. Секоја од двете страни може писмено да го раскине договорот доколку се постапува спротивно или не се почитуваат одредбите од истиот.

**Член 20**

Овој договор влегува во сила со денот на неговото склучување од двете договорни страни.

**Член 21**

Договорот е составен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои 2 (два) за Општина Гази Баба и 2 (два) за колективниот постапувач.

| | |
|---|---|
| **Управител на ЕЛКОЛЕКТ ДОО Скопје** | **Градоначалник на Општина Гази Баба** |
| **Фана Христовска** | **Бобан Стефковски** |

**изготвил:**
Раководител на Сектор за заштита на животната средина и природата
Никола Јовановски

**одобрил:**
Секретар на општина
Невенка Стаменковска Стојковски